Romalitico
ROMA POLICY ANALYSIS

www.romalitico.org

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2022

Изминатата 2022 година беше година на теренска работа и имплементирање на активности за заедницата.



## СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

**Зголемување на политичкото претставување на Ромите и обезбедување добро владеење на избраните функционери**

- *Искористување на фондовите (државниот буџет и финансирање на ЕУ) за директна поддршка на ромската заедница*
- *Остварување на правата на ромската заедница загарантирани со Охридскиот Рамковен Договор*
- *Канализирање на приоритетите на Ромите во националната и ЕУ агендата преку таргетирани и меинстрим јавни политики*
- *Сензитивизирање на националните и локалните институции за антициганизмот*

## РЕЗУЛТАТИ

- Теренска работа во 17 општини преку хабовите на Ромалитико
- Формирана мрежа на дијаспора
- Формирана мрежа на алумни
- Отворена веб платформа за поднесување на преставки поврзани со прекршувања на права, одбивање пристап до јавни услуги и слично
- Објавени 5 изданија на Рома Индекс
- Мапирање на легализирани и нелегализирани објекти
- 1294 случаеви за кои е дадена правна поддршка
- Мапирање на вкупно 661 невработено лице
- Мапирање на 90 нови претприемачи
- Посредување за вработување на повеќе од 100 Роми во приватни компании
- Доделени 5 грантови
- Секојдневна комуникација и посета на заедницата
- Давање на техничка поддршка на општините во нивната работа
- Учество во дизајнирање на националните и локалните акциски планови за имплементација на Стратегијата за Роми
- Спроведување на 10 локални акции
- Јакнење на капацитетите на теренските соработници

## СОДРЖИНА


2 Воведен говор на извршниот директор
3 Организациска поставеност
4 Тим на Ромалитико
5 Хабови на Ромалитико
6 Водечки проекти на Ромалитико
7 Фокус за 2022 година
8 Новитети во 2022 година
9 Влијание врз политики
12 Завршени локални акции
13 Поддршка на заедницата
17 Настани и кампањи
19 Доделени грантови
20 Јакнење на капацитетите
21 Присутност на медиуми


## МИСИЈА

**Мисијата на Ромалитико е да промовира динамично општество преку анализи, истражување базирани на докази и застапување за влијание врз јавните политики, односот и моќта и распределба на ресурсите за Ромите во Република Северна Македонија и Европа.**

## ВИЗИЈА

**Визијата на Ромалитико е да се стреми да ја предизвика статус-кво состојбата и да ја унапреди положбата на Ромите во Европа.**



# ВОВЕДЕН ГОВОР

## НА ИЗВРШНИОТ ДИРЕКТОР ЕЛВИС ШАЌИРИ

Успехот на Ромалитико произлегува од посветеноста на целиот тим во остварување на мисијата и визијата која како организација ја имаме поставено заедно со нашите партнери од граѓанскиот сектор, институциите, бизнис заедницата и донаторската заедница. Со спроведување на активности од проектите, целокупната работа на Ромалитико се издвојува преку организиран и стратешки пристап кој овозможува застапување на потребите на Ромите пред различни засегнати страни и директна комуникација со заедницата преку информирање и нудење на услуги кои се потребни на нашата ромска заедница. Изминатата година беше особено важна во реализација на локални акции кои имаат цел директно да ја подобрат состојбата на ромската заедница. Сите овие активности беа со поддршка на локалната структура која продолжува да биде активен чинител во реализацијата на стратешките определби на Ромалитико.

Изминатата година претставува една од најуспешните години за Ромалитико во која беа постигнати исклучително важно резултати во подобрување на состојбата на ромската заедница. Во 2022 година се спроведуваа активности од вкупно 4 главни проекти.

По изработката на Стратегија за Роми за Роми, Ромалитико учествуваше и го поддржа процесот на изработка на Националните Акциони Планови 2025 во областите од Стратегијата како и изработката на Локалните Акциони Планови 2023 – 2025 во 15 општини. Во рамки на Проектот за на УСАИД за инклузија на Ромите со цел заштита на човековите права беше објавена веб платформата www.reagiraj.org.mk која има за цел собирање на случаеви кои дополнително ќе бидат пријавени до соодветните институции. Преку проектот Заедно за просперитетна заедница беа реализирани 10 локални акции со вкупна вредност од 1.520.323 денари.

Преку РОМАКТЕД II беа формирани младински клубови во Битола и Кочани и клубови на жени во Дебар и Берово и изработени 15 Ковид19 акциски планови за општините.

Во сите горе спомената активности Ромалитико имаше свој организиран пристап. Нашите препораки за политики и предлози за менување на политиките продолжуваат да бидат препознаени со висок квалитет прифатени од страна на институциите.

Во 2022 година беше изработена и Стратегијата на Ромалитико 2023 – 2025 година во која се поставени стратешките определби на Ромалитико на кои ќе се фокусира во период што следува. Преку новата стратегија Ромалитико има за цел да поттикне по инклузивно, праведно и рамноправно општество каде ромските поединци имаат еднакви можности да напредуваат и да придонесуваат за развојот на нивните заедници. Оваа промена е поттикната од посветеноста на организацијата за справување со различните предизвици со кои се соочува ромската заедница во области како што се демократијата и доброто владеење, правното зајакнување, економските политики, дигитализацијата и зелената агенда.

Ромалитико ќе продолжи пред институциите, меѓународните фактори, заедницата и медиумите да ја зајакнува својата положба и да биде лидер во предлагањето и креирањето на политики за Роми во Северна Македонија.

**Со почит,**
**Елвис Шаќири**
**Извршен директор**



# ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ

## СОБРАНИЕ

Во текот на 2022 година, Собранието на Ромалитико одржа две средби. Едно генерално собрание и средба по редовен пат. На овие две средби се одлучуваше и се разгледуваше следното:

- Се информираше Собранието за тековните активности на Ромалитико
- Се презентираа постигнатите цели на Ромалитико
- Се изврши ре-избор на Директор на Ромалитико
- Се извршија други избори, ре-избори и носење на потребни измени



### ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

**СОБРАНИЕ**

Силхан Саитов
Аријета Тахири
Асиб Зекир
Елсон Иљаз
Акиф Кариман
Сањије Ибраими
Мирсада Шабани
Марија Сулејманова
Суад Скендери
Алберт Мемети
Дениз Селмани
Елвис Шаќири
Надире Реџепи

**ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР**

Елвис Шаќири

**УПРАВЕН ОДБОР**

Силхан Саитов
Марија Сулејманова
Елвис Шаќири

**СОВЕТОДАВЕН ОДБОР**

Ебен Фридман
Себијан Фејзула
Маргарета Матаче
Исмаел Кортез
Диана Јулиана Пирјол





# ТИМ НА РОМАЛИТИКО



**ЕЛВИС ШАЌИРИ**
Извршен директор



**МАРИЈА СУЛЕЈМАНОВА**
Програмски менаџер - Право



**АЛБЕРТ МЕМЕТИ**
Програмски менаџер - Економија



**ДЕНИЗ СЕЛМАНИ**
Програмски менаџер – Локална демократија



**СУАД СКЕНДЕРИ**
Програмски менаџер - Политика



**СИМОНА СИМОВА**
Финансиски асистент



**МЕРСИХА УСЕИН**
Контакт точка на РОМАКТЕД II програмата



**КРИСТИНА ИЛИЕВСКА**
Административен соработник



**МУХАМЕД АЈВАЗ**
Проектен менаџер (Проект на УСАИД за инклузија на Ромите)



**СЕМРАН СУЛЕЈМАН**
Проектен менаџер (Проект на УСАИД за инклузија на Ромите)



**ШЕНАС ИМЕР**
Проектен менаџер (Проект на УСАИД за инклузија на Ромите)



**КЕНАН ТАИР**
Комуникациски офицер (Проект на УСАИД за инклузија на Ромите/ Заедно за просперитетна заедница)



**ВЕРИЦА БОЈКОВСКА**
Проектен менаџер (Заедно за просперитетна заедница)



**СЕЛИКА АЉИЉИ**
Проектен менаџер (Заедно за просперитетна заедница)



**БЕКИМ МЕХМЕД**
Проектен менаџер (Заедно за просперитетна заедница)



**ВИКТОРИЈА НИКОЛОВА**
Финансиски асистент (Заедно за просперитетна заедница)



# ХАБОВИ ВО 17 ЛОКАЦИИ

Преку проектот на УСАИД за инклузија на Роми, Ромалитико во текот на 2022 година работеше во вкупно 17 хабови во општини низ државата.

| Канцеларија: | Маил: | Телефон: | Адреса: |
|---|---|---|---|
| Шуто Оризари | riashutoorizari@gmail.com | 075 35 57 41 | ул. Че Гевара бр. 53 |
| Чаир | riachairmk@gmail.com | 075 355 742 | ул. Џон Кенеди бр. 1/2-3 |
| Ѓорче Петров | riagjorchepetrov@gmail.com | 075 355 743 | ул. Лука Геров бр.16-б |
| Кичево | riakichevo@gmail.com | 075 355 793 | ул. 11 Септември бр.155 |
| Велес | riavelesmk@gmail.com | 075 35 57 62 | ул. Титоградска бр.1/1 |
| Гостивар | riagostivar@gmail.com | 075 35 57 24 | ул. Денче Дејаноски бр.14 |
| Виница | riavinica@gmail.com | 075 35 57 82 | ул. Ванчо Прќе бр. 1/3-12 |
| Неготино | rianegotinomk@gmail.com | 075 35 57 64 | ул. Маршал Тито бр. 1/1-22 |
| Струмица | riastrumica@gmail.com | 075 35 57 68 | ул. Киро Абрашев бр. 71 |
| Кочани | riakochanimk@gmail.com | 075 35 57 81 | ул. Кеј на Револуцијата бр. 2/1-1 |
| Берово | riaberovo@gmail.com | 075 35 57 92 | ул. Борис Кидрич бр. 2 |
| Штип | riashtip@gmail.com | 075 35 57 63 | ул. Стојан Рибата бр.19 |
| Тетово | riatetovo@gmail.com | 075 35 57 21 | ул. Иво Рибар Лола бр. 173 |
| Куманово | riakumanovo@gmail.com | 075 35 57 61 | ул. Иво Лола Рибар бр. 46-3 |
| Прилеп | riaprilep@gmail.com | 075 35 57 34 | ул. Прилепски Бранители бр. 24/1 |
| Битола | riabitola@gmail.com | 075 35 57 32 | ул. Јорго Костовски бр.6б |
| Радовиш | riaradovish@gmail.com | 075 35 57 84 | ул. Коџа Баир бр.2/2-1 |

# ВОДЕЧКИ ПРОЕКТИ НА РОМАЛИТИКО

- Граѓанско општество за Интеграција на Ромите – во сенка
- Генерална поддршка и граѓанско општество за интеграција на Ромите – втора фаза
- Проект на УСАИД за инклузија на Ромите
- Заедно за просперитетна заедница
- ROMACTED II Phase Programm



## ВОДЕЧКИ ПРОЕКТИ

### ГЕНЕРАЛНА ПОДДРШКА И ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИТЕ – ВТОРА ФАЗА

Главната цел на проектот е инклузија на Ромите во јавните политики во Република Македонија.

### ПРОЕКТ НА УСАИД ЗА ИНКЛУЗИЈА НА РОМИТЕ

Целта на проектот е да се намали дискриминацијата кон Ромите и да се подобри нивната инклузија во општеството. Овие рамки на овој проект Ромалитико има теренски соработници со следните профили: бизнис советници, правни монитори и мобилизатори на заедницата.

**Партнери во имплементација на овој проект се Романо Авази, РЕДИ и Ромаверзитас.**

### ЗАЕДНО ЗА ПРОСПЕРИТЕТНА ЗАЕДНИЦА

Целта на проектот е да се подобри вклученоста и стандардот на живот на Ромите во ромските заедници во 17 општини во Северна Македонија. Во рамки на овој проект Ромалитико има теренски консултанти со следните профили: консултант за бизнис и претприемништво, консултант за заедница и дијаспора, и алумни консултант. Во рамки на проектот се спроведуваат локални акции и се формираат мрежи на дијаспора, алумни и бизнис.

**Партнери во имплементација на овој проект се Романо Авази, РЕДИ и Ромаверзитас.**

### ROMACTED II PHASE PROGRAMM

Главната цел на проектот, според Повикот за предлози (CfP), е подобрување на локалната демократија, отчетност, инклузивност и одговорност кон ромските граѓани и подобрена испорака на услуги.












# ФОКУС ЗА 2022 ГОДИНА

- Граѓанско општество за Интеграција на Ромите – во сенка
- Генерална поддршка и граѓанско општество за интеграција на Ромите – втора фаза
- Проект на УСАИД за инклузија на Ромите
- Заедно за просперитетна заедница
- ROMACTED II Phase Programm

## ГЕНЕРАЛНА ПОДДРШКА И ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИТЕ – ВТОРА ФАЗА

- **Следење на повиците за вработување во државна и јавна администрација**
- **Застапување за промена на закони**
- **Прибирање на податоци во врска со имплементирањето на политиките за Роми**
- **Извештај во сенка за спроведување на активности поврзани со Стратегијата за Роми**
- **Работа на темата антициганизам**
- **Пост-попис активности**
- **Спроведување на донаторски акции**
- **Организирање на јавни форуми со заедницата**

## ПРОЕКТ НА УСАИД ЗА ИНКЛУЗИЈА НА РОМИТЕ

- **Воспоставена платформа за пријавување на прекршување на права reagiraj.org.mk**
- **Организирање на состаноци со заедницата и инфо сесии на различни теми**
- **Учество на седници на општините**
- **Работа на локалните акциони планови за спроведување на Стратегијата за Роми**
- **Организирање на активност дооформување на образование на возрасни**
- **Информирање и работа со заедницата за остварување на различни мерки кои ги нуди државните институции**
- **Подготвени 5 Рома Индекс изданија**
- **Мапирани легализирани и нелегализирани објекти**
- **Работа на 1294 случаеви на кои им било потребно правна поддршка**
- **Мапирани вкупно 661 невработено лице**
- **Мапирани 90 нови претприемачи**
- **Доделени грантови**

## ЗАЕДНО ЗА ПРОСПЕРИТЕТНА ЗАЕДНИЦА

- **Спроведени вкупно 10 локални акции**
- **Одржани состаноци со општините за реализација на локалните акции**
- **Ангажирани околу 24 консултанти во 9 региони во државата**
- **Формирана алумни мрежа со 34 и мрежа на дијаспора со 33 членови од различни држави**
- **Оддржани "Barabar amenge" 18 инфо сесии и теренска промоција на активностите**

## ROMACTED II Phase Programm

- **Формирана акциска група на заедницата**
- **Подготвени 15 Ковид19 акциски план**
- **Формирани 13 општински работни група и 11 институционални групи како дел од структурата на Ромактед**
- **Организирани 13 работни посети на општинската администрација**
- **Формирани младински клубови во Битола и Кочани и клубови на жени во Дебар и Берово**
- **Работа на локалните акциони планови за спроведување на Стратегијата за Роми**
- **Формирана неформална група за повратници Роми**



# НОВИТЕТИ ЗА 2022 ГОДИНА

- Платформа за пријавување на прекршување на права
- Рома Индекс

### ПЛАТФОРМА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПРЕКРШУВАЊЕ НА ПРАВА

Во насока на заштита на човековите права во текот на 2022 година беше објавена платформата www.reagiraj.org.mk која има за цел собирање на случаеви кои дополнително ќе бидат пријавени до соодветните институции.

Во текот на 2022 година беа објавени осум студии на случај подготвени од страна на правните монитори во кои тие ја опишуваат теренската работа или работата во хабовите.

### РОМА ИНДЕКС - електронски весник

Ромалитико заедно со партнерската организација Ромаверзитас во текот на 2022 година објави 5 изданија на електронскиот весник Рома Индекс.

https://shorturl.at/acfAF
https://shorturl.at/zQT16
https://shorturl.at/dBMNR
https://shorturl.at/bjkuA
https://rb.gy/kqb2z





















# ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЛИТИКИ

- Закон за легализација на бесправно изградени објекти
- Застапување за мерки во АВРСМ
- Една изборна единица
- Ромите се за Европска Македонија
- Анализа на геноцидот
- Формирана национална платформа за Роми повратници
- Следење на огласите за вработување во администрација



## ЗАКОН ЗА ЛЕГАЛИЗАЦИЈА НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

Ромалитико во текот на 2022 година застапуваше да се усвои Законот за легализација на бесправно изградени објекти со следните предлози: да се овозможи дополнителна достава на геодетски елаборати за случаеви од 2011, 2015, 2016, 2018 година и за случаеви кои биле одбиени поради немање на геодетски елаборат и да се зголеми рокот од 6 месеци на една година за поднесување на документи за легализација. Дополнително, се предложи и можност за групно одлучување за прифаќање на легализацијата во случај кога парцелите не се дел од урбанистичкиот план.

## ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА МЕРКИ ВО АВРСМ

Ромалитико во текот на 2022 година застапуваше 5% од мерките во Операциониот план за вработување при АВРСМ да бидат наменети за Роми и да биде внесена нова мерка за жени Ромки. Дополнително, се вршеше застапување за мерка – доврршување на средно училиште и мерка – тренинг за ИТ вештини за Роми за основни и напредни вештини.

## ЕДНА ИЗБОРНА ЕДИНИЦА

Темата една изборна единица беше актуелизирана во текот на 2022 година со тоа што Ромалитико активно даде поддршка на помалите политички партии за предлогот за измена на изборниот модел. Во насока на таа поддршка оствариме средби со пратеничката Моника Зајкова од ЛДП, пратеничката Маја Морачанин од ДОМ и пратеничката Љатифе Шиковска од СДСМ.

## РОМИТЕ СЕ ЗА ЕВРОПСКА МАКЕДОНИЈА

Ромите во Северна Македонија се за влез на државата во Европска Унија бидејќи нашиот интерес е почитување на правата на заедниците, мир и просперитет. Започнувањето на преговорите значи поголема заштита и промоција на правата на сите заедници во државата.

## АНАЛИЗА ЗА ГЕНОЦИДОТ

Во текот на 2022 година Ромалитико изработи нова анализа која има цел да се спротивстави на изобличување на геноцидот на Ромите во Северна Македонија за време на Втората Светска Војна. Анализата содржи елементи на изоблиучување за кои се формулирани препораки за образовниот систем, институциите, политичарите и носителите на одлуки во Северна Македонија. Анализата е дел од компаративната анализа The Roma Holocaust/Roma Genocide in Southeaster Europe на The Auschwitz Institute for the Prevention of Genocide and Mass Atrocities and the Roma Program at the Francois-Havier Bagnoud Center for Health and Human Rights, Harvard University.

## ФОРМИРАНА НЕФОРМАЛНА ПЛАТФОРМА ЗА РОМИ ПОВРАТНИЦИ

Во рамки на Советодавната група на РОМАКТЕД II беше формирана Неформалната платформа за Роми повратници во Северна Македонија во соработка со Светска Банка и УНДП во насока на подобра координација и соработка со сите меѓународни организации, институции кои спроведуваат активности за реинтеграција на Роми повратници.

## СЛЕДЕЊЕ НА ОГЛАСИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО АДМИНИСТРАЦИЈА

Ромалитико го следеше објавувањето на огласи за вработување во државната и јавната администрација. На месечно ниво се прибираа огласите според бројот на оглас, позицијата, институцијата и заедницата за која е објавен повикот. Ромалитико располага со база на објавени позиции за сите заедници, а во однос на позициите објавени за Роми, Ромалитико преку барање за пристап до јавни информации го мониторираше вработување на Роми. Од добиените податоци се заклучи дека постои пријавување на не-Роми како Роми за добивање на вработување во администрација. Ромалитико во однос на оваа појава имаше и своја рекција во јавноста.



# ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЛИТИКИ

- Национални акциски планови
- Локални акциски планови
- Прибирање на податоци
- Водич за антициганизам
- Пост - попис
- Предлози за буџети до општините

## НАЦИОНАЛНИ АКЦИСКИ ПЛАНОВИ

Дел од тимот на Ромалитико учествуваше во подготовката на националните акциски планови за култура, антициганизам, домување, здравство, образование и граѓанска регистрација. Националните акциски планови се за период од 3 години.

## ЛОКАЛНИ АКЦИСКИ ПЛАНОВИ - ЛАП (2023-2026)

Ромалитико преку синергија на проектите Ромактед и Проектот на УСАИД за инклузија на Ромите работеше на усвојување на локалните акциони планови за Роми. Заклучно декември 2022 год. усвоени се локални акциони планови во следните општини:

·Дебар
·Кичево
·Гостивар
·Тетово
·Шуто Оризари
·Крива Паланка
·Кочани
·Виница
·Берово
·Битола

## ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ

Во текот на 2022 година, Ромалитико преку барања за пристап до јавни информации продолжи да прибира податоци за имплементацијата на мерки кои се значајни за ромското население во РСМ. Ромалитико ја следеше имплементацијата на буџетот за Роми од надлежните министерства.

## ВОДИЧ ЗА АНТИЦИГАНИЗАМ

Во 2022 година беше изработен Водичот за антициганизам има за цел да ја едуцира пошироката јавност за постоењето на антициганизмот, објаснувајќи ја терминологијата и димензиите на антициганизмот. Водичот содржи и студии на случај од нашата земја и Европа.

## ПОСТ-ПОПИС

Од страна на Ромалитико беше подготвена анкета за резултатите од спроведениот попис. Анкетата беше циркулирана преку социјална мрежа на Аваја, содржеше 4 прашања и е одговорена од 341 профил. Според резултатите од анкетата 33.2% од испитаниците не знаат дали пописот беше спроведен според правилата, 24.2% сметаат дека попис не е спроведен според правилата, 24.4% не знаат дали имало неправилности или манипулации и 14.6% имаат забележано нерегуларности и манипулации. 17.6% од испитаниците не биле посетени од попишувачите, додека 31.3% не веруваат дека пописот е кредибилен.
Застапувањето во пост-пописниот период во текот на 2022 година беше во насока на објавување на реакции дека резултатите од пописот не ја покажуваат вистинската бројка на Роми во државата, дека врз Ромите се вршело притисик и манипулации за време на пописот.

## ПРЕДЛОЗИ ЗА БУЏЕТИ ДО ОПШТИНИТЕ

Во текот на 2022 беа доставени предлози за буџет до 15 општини, во 6 општини беа прифатени предлозите во следните општини: Велес (ќе се асфалтираат две улици во ромските маала и ќе се вработи еден ром), Гостивар (ќе се асфалтираат три улици во ромски маала), Струмица (поправка на улици во ромските маала и поставување урбана опрема), Битола (чистење на атмосферски канал и вработување на двајца Роми во општината), Берово (изградба на фекална канализација во ромско маало), Штип (асфалтирање на две улици во ромски маала). Во втората година од проектот беа доставени нови буџетски предлози до 18 општини за буџетската 2023 година.

# ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЛИТИКИ

- Бриф за политики
- Акциски план за Ковид - 19
- Учество на седници на советите на општините
- Анализи во Ромактед програмата




### БРИФ ЗА ПОЛИТИКИ – Предизвици во имплементација на јавни политики за Роми

Брифот на политики разработува проблематика на 4 закони со предлози за нивни измени:

- Закон за попис
- Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност
- Закон за една изборна единица
- Предлог Закон за регулирање на статус на бесправно изградени објекти

Брифот за политики беше презентиран на настан организиран од страна на  National Democratic Institution – NDI со пратеници од Собранието на РСМ кои се дел од Интерпарламентарната група за инклузија на Ромите.

### АКЦИСКИ ПЛАН ЗА КОВИД-19

Во рамки на Ромактед проектот беше подготвен Акциски план за Ковид-19 за периодот 2023-2024 за 15 општини и истиот вклучува 12 акции идентификувани од Акциските групи на заедницата на Ромактед.

Акцискиот план за КОВИД-19 се фокусира на три главни пост-КОВИД прашања: образование на возрасни, туторство и менторска програма во локалните училишта за учениците Роми и изработка на План за ризик за ранливи групи за идентични или слични кризи во иднина. 44% жени Ромки и 49,6% млади Роми, учествуваа во развојот на акцискиот план.

### Учество на седници на советите на општините

Во насока на поголема транспарентност, и следење на политиките на локално ниво, мобилизаторите на заедицата учествуваа на вкупно 41 состанок на советите на општините.

### АНАЛИЗИ ВО РОМАКТЕД ПРОГРАМАТА

Во рамките на втората фаза на РОМАКТЕД програмата, беа подготвени 3 анализи кои ќе бидат бидат доставени до надлежните институции на локално ниво:

- Анализа за состојбата на локално ниво на Ромите повратници во 15 општини.
- Анализа на здравствените услуги во Шуто Оризари.
- Анализа на влијанието на приватните компании и понудата за работа врз младите Роми во Кочани, Штип и Виница како пречка за нивното понатамошно образование.

Romalitico
ROMA POLICY ANALYSIS




# ЗАВРШЕНИ ЛОКАЛНИ АКЦИИ

**#01 - Исчистено и обновено детско игралиште во населба "Бараки" во Куманово**
Период на реализација: април - јули 2022 година
Вредност на акцијата: Локални институции:26.137 денари
Ромска заедница: 63.543 денари
Бизнис сектор: 13.098 денари
Вкупен износ на целата акција: 102.778 денари
Во реализација на акцијата беа вклучени 93 лица од заедницата

**#02 – Поставено сообраќајно сферно огледало на критична точка на ул. 23 Август во Берово**
Период на реализација: април - јуни 2022 година
Вредност на акцијата: Локални институции:7.965 денари
Ромска заедница: 3.009 денари
Вкупен износ на целата акција: 10.974 денари
Во реализација на акцијата беа вклучени 4 лица од заедницата

**#03 – Уреден двор на Џамија "БИЛАЛ АЛ ХАБЕШИ" во Шуто Оризари, Скопје**
Период на реализација: април - мај 2022 година
Вредност на акцијата: Учество на АВАЈА: 36.639 денари
Ромска заедница: 14.986 денари
Вкупен износ на целата акција: 51.625 денари
Во реализација на акцијата беа вклучени 10 лица од заедницата

**#04 – Опремена Џамијата "Буљбул дере" во Радовиш со нови теписи**
Период на реализација: јули - септември 2022 година
Вредност на акцијата: Учество на АВАЈА и ромската заедница: 297.006 денари
Вкупен износ на целата акција: 207.006 денари
Во реализација на акцијата беа вклучени 34 лица од заедницата

**#05 – Поставени заштитни огради/банкини на критични места на улица 23 Август во Берово**
Период на реализација: јули - ноември 2022 година
Вредност на акцијата: Локални институции: 65.481 денари
Ромска заедница: 35.872 денари
Учество на Ромалитико: 51.280 денари
Вкупен износ на целата акција: 152.633 денари
Во реализација на акцијата беа вклучени 21 лица од заедницата

**#07 – Бетонирана улица Широк Дол во Штип**
Период на реализација: ноември 2022 – јануари 2023 година
Вредност на акцијата: Ромска заедница: 122.718 денари
Бизнис сектор: 22.600 денари
Учество на Ромалитико: 167.797 денари
Вкупен износ на целата акција: 313.115 денари
Во реализација на акцијата беа вклучени 32 лица од заедницата

**#08 – Поставено сообраќајно сферно огледало на улица Стамен Манов во Кочани**
Период на реализација: јуни – декември 2022 година
Вредност на акцијата: Ромска заедница: 2.643 денари
Локални институции: 6.000 денари
Учество на Ромалитико: 8.350 денари
Вкупен износ на целата акција: 16.993 денари
Во реализација на акцијата беа вклучени 7 лица од заедницата

**#09 – Исчистена депонија и поставени контејнери за отпад на Полатски пат во Кочани**
Период на реализација: јуни – декември 2022 година
Вредност на акцијата: Локални институции: 81.900 денари
Ромска заедница: 13.992 денари
Бизнис сектор: 58.500 денари
Учество на Ромалитико: 136.500 денари
Вкупен износ на целата акција: 290.892 денари
Во реализација на акцијата беа вклучени 16 лица од заедницата

**#10 – Исчистена дива депонија на коритото од Дабничка река во Прилеп**
Период на реализација: ноември 2022 година
По барање 0806-160/1 на Ромалитико, ЈКП Комуналец – Прилеп ја исчисти дивата депонија кај Дабничка река

**Вредност на сите завршени акции изнесува вкупно 1.520.323 денари.**



# ПОДДРШКА НА ЗАЕДНИЦАТА

- Правна поддршка
- Поддршка на претприемачи и невработени лица
- Легализација на бесправно изградени објекти

## ПРАВНА ПОДДРШКА

Во текот на 2022 година во рамки на проектот на УСАИД за инклузија н а Ромите, вкупно 1247 Роми од 16 општини (претставени во табела 1) добија правна поддршка од страна на правните монитори во различни области наведени во табела 2.

Табела 1: Случаеви по општина

| Град/Општина | бр. | Град/Општина | бр. |
|---|---|---|---|
| Крива Паланка | 181 | Неготино | 286 |
| Штип | 100 | Велес | 31 |
| Тетово | 19 | Куманово | 78 |
| Гостивар | 27 | Топаана/Чаир | 65 |
| Струмица | 53 | Шуто Оризари | 95 |
| Дебар | 28 | Ѓорче Петров | 81 |
| Битола | 10 | Кичево | 8 |
| Прилеп | 181 | Демир Капија | 4 |
| **Вкупно:** | | **1247** | |

Табела 2: Случаеви по области

| Области | вкупен број на случаеви |
|---|---|
| Социјална заштита | 526 |
| Здравствена заштита | 58 |
| Образование | 75 |
| Домување | 118 |
| Вработување | 54 |
| Лична документаци | 248 |
| Дискриминација | 3 |
| Прекршување на човекови права | 0 |
| Друго | 212 |
| **Вкупно** | **1294** |

*Случаевите по област не рефлектираат колку вкупно случаеви има бидејќи еден отворен случај/досие може да опфаќа повеќе области.

# ПОДДРШКА НА ЗАЕДНИЦАТА



## ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМАЧИ И НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА

Во рамки на истиот проектот, на вкупно 17 лица им се прифатени барањата за грант за самовработување. Грант за самовработување од 5.000 евра добиле 13 лица, а по 10.000 евра три лица. Вкупната сума на добиени грантови за самовработување е 100. 000 евра. Во табелата се наведени резултатите постигнати од бизнис советниците.

| Табела 3. Резултати на дадени услуги од страна на бизнис советниците |
|---|
| Информирани 128 невработени лица за тековни огласи за вработување. |
| 55 лица добија помош во пишувањето на кратка биографија – ЦВ, а 20 лица добија помош и вештини да напишат мотивациско писмо. |
| Мапирани вкупно 661 невработено лице. |
| Мапирани 88 ромски студенти во државни и приватни универзитети во Република Северна Македонија. |
| Детектирани 90 нови претприемачи. |
| 9 информативни сесии за проблемите и искуствата во пандемијата на КОВИД 19 со ромските претприемачи кои добија грант во 2021 година и други луѓе кои работат неформални бизниси. |

Како еден главен фокус на Ромалитико во текот на 2022 година преку проектот на УСАИД за инклузија на Ромите беше легализација на бесправно изградени објекти. Во рамки на овој фокус беше мапирана ситуацијата на терен од страна на мобилизаторите и правните монитори.

| Општина | Легализирани | Нелегализирани |
|---|---|---|
| Шуто Оризари | **17** | **26** |
| Штип | **3** | **17** |
| Чаир | **7** | **1** |
| Тетово | **8** | **6** |
| Радовиш | **5** | **10** |
| Прилеп | **3** | **13** |
| Неготино | **10** | **12** |
| Куманово | **10** | **1** |
| Крива Паланка | **4** | **15** |

| Општина | Легализирани | Нелегализирани |
|---|---|---|
| Кочани | **1** | **16** |
| Дебар | **11** | **6** |
| Гостивар | **2** | **10** |
| Ѓорче Петров | **2** | **15** |
| Виница | **10** | **8** |
| Велес | **3** | **14** |
| Битола | **0** | **9** |
| Берово | **8** | **8** |
| **Вкупно** | **109** | **197** |



# ПОДДРШКА НА ЗАЕДНИЦАТА

- Субвенционирање на електрична енергија
- Поддршка при поднесување на апликации за стипендии
- Лица без документи
- Дооформување на образование на возрасни
- Јавни форуми и средби со заедницата
- Инфо сесии

**Информирање и поддршка на ромската заедница при поднесување на мерката за субвенционирање на семејства со ниски примања за потрошена електрична енергија**

Мобилизаторите на заедницата поддржаа повеќе од 100 семејства за подготовка на документи за субвенционирање на електрична енергија. За мерката за субвенционирање на семејства со ниски примања за потрошена електрична енергија беа информирани 700 семејства, додека преку 100 семејства добија директна поддршка од мобилизаторите при поднесување на потребната документација за пријавување на повикот.

**Поддршка при поднесување на апликации за стипендија**

Со поддршка на структурата ангажирана во Проектот на УСАИД за инклузија на Роми, на конкурсот за средношколци Роми за учебната 2022/2023 година беа поднесени 300 апликации за стипендии, од кои одобрени се 249 (83%).

**Лица без документи**

Правните монитори главно беа фокусирани на мапирање на лица без документи и помагање пред различни институции.
Инфо сесии за правата од Социјална и детска заштита на следните теми:

1. Социјална пензија
2. Детски додаток.
3. Гарантирана минимална помош.
4. Надомест за помош и нега од друго лице.
5. Еднократна парична помош.
6. Ослободување од учество и
7. Додаток за образование

Во месеците јули, август и септември правните монитори одржаа вкупно 22 инфо сесии во 11 општини и тоа Шуто Оризари, Чаир/Топаана и Ѓорче Петров во Скопје, Куманово, Дебар, Гостивар, Велес, Неготино, Прилеп, Крива. Паланка. и Штип. На овие инфо сесии учествуваа вкупно 140 луѓе од заедницата.

**Дооформување на образование на возрасни**

Преку проектот на УСАИД за инклузија на Ромите се организираше дооформување на образование на возрасни. Во периодот октомври во финалната селекција влегоа 98 лица, од кои на програмата останаа 87, од кои: 50 без оценка, 2 со завршено второ одделение, 1 со трето одделение, 17 со четврто, 7 со петто одделение, 5 со шесто одделение и 5 со седмо одделение. Лицата кои беа од опфатени во оваа активност беа од: Виница, Кочани, Велес, Куманово, Прилеп, Радовиш, Штип, Чаир, Ѓорче Петров, Шуто Оризари, Тетово, Кичево и Берово. Во програмата прво почнаа да посетуваат настава оние лица кои не завршија ниту една оценка, а со текот на месеците им се придружија и останатите со повисоки оценки.

**Јавни форуми и средби со заедницата**

Преку движењето Аваја во текот на 2022 година беа организирани 12 јавни форуми во следните општини:
-Јавен форум во Струмица, 14 јули
-Јавен форум во Куманово, 18 јули
-Јавен форум во Кичево, 7 август
-Јавен форум во Тетово, 8 август
-Јавен форум во Берово, 9 август
-Јавен форум во Виница, 9 август
-Јавен форум во Велес, 10 август
-Јавен форум во Неготино, 19 август
-Јавен форум во Битола, 25 август
-Јавен форум во Прилеп, 25 август
-Јавен форум во Ѓорче Петров, 26 август
-Јавен форум во Црник, 4 септември

**Инфо сесии**

Регионалните консултанти на Заедно за просперитетна заедница одржаа инфо сесии со луѓе кои имаат потенцијал да учествуваат во локалните акции. Консултантите се сретнаа со млади лица, сопственици на бизниси и заедницата со цел промоција на проектот и идентификуваа околу 1222 лица од 17 општини.

# ПОДДРШКА НА ЗАЕДНИЦАТА

- Поддршка за отворање на гинеколошка амбуланта во Шуто Оризари
- Донација на амбулантно возило
- Донаторски акции



### Поддршка за отворање на гинеколошката амбуланта во Шуто Оризари

Во текот на месец ноември 2022 година гинеколошката амбуланта во Шуто Оризари повторно се отвори. За отворањето на гинеколошката амбуланта Ромалитико обезбеди вработување на една медицинска сестра за период од 6 месеци.



### Донација на амбулантно возило

Преку движењето Аваја во текот на 2022 година донираме амбулантно возило на Здравствен Дом Скопје – Скопје за потребите на граѓаните Роми од Шуто Оризари, Бутел и Чаир кои ги користат услугите на брзата помош од Чаир. Со донирањето на амбулантното возило, ќе следи и финансиска поддршка за вработување на две медицински сестри.



### Донаторски акции

Во рамки на Бизнис Самитот на партнерската организација РЕДИ, посетителите на самитот имаа можност да донираат за две локални акции за Штип и Радовиш.



На претпремиерата на филмот Gypsy Queen организирана од страна на Ромалитико беа поставени донаторски касички каде посетителите на настанот имаа можност да донираат за две локални акции за Струмица и Штип.



Заедно со партнерската организација Ромаверзитас, Ромалитико организираше новогодишна донаторска забава во Скопје.



# НАСТАНИ И КАМПАЊИ

- Идентитето - изложба за 8 април
- Претпремиера Gypsy Queen
- Одбележување на 2-ри август
- Одбележување на 8 април Ромактед проект
- Една изборна единица

**„ИДЕНТИТЕТО" - Одбележување на Меѓународниот ден на Ромите 8-ми април.**

Постаментите од изложбата „ИДЕНТИТЕТО" беа отворени за јавноста до 13 април 2022 година. На изложбата луѓето имаа можност да погледнат постаменти од ромски носии, занаети, инструменти, значајни историски моменти за Ромите (култура, јазик, традиција, празници, настани) и ромски личности од Македонија кои придонеле во минатото и придонесуваат во сегашноста за промоција на Ромите, но и Република Северна Македонија.

**Претпремиера Gypsy Queen**

На 22 јули 2022 година во Градскиот Парк – место Школка беше организирано стримување и претпремиера на филмот Gypsy Queen. На претпремиерата имаше повеќе од 100 луѓе кои дојдоа да ја проследат претпремиера и да се запознаат со главната актерка на филмот, познатата глумица Алина Сербан од Романија. На претпремиерата беше организира и донаторска акција за две локални акции: Санирање на канализација, осветлување и бетонирање на улица Бетовенова (Царски Мост) во Струмица и корекција на бандера, осветлување и бетонирање на патека на улица Черења (Радански пат) во Штип. Од донаторската акција се собраа вкупно 12.500 денари за двете акции.

**Одбележување на 2-ри август – Ден на сеќавање на Ромите жртви на холокаустот во Втората светска војна**

На 26-ти август беше организиран настан за комеморација на 2-ри август – Денот на сеќавањето на Ромите жртви на холокаустот во Втората светска војна.
На настанот беа претставени шест драматични монолози, од кои четири сведоштва на преживеани од Холокаустот, а два сведоштва од физички напади врз Роми во неколку европски земји во последните години. Настанот се одржа во просториите на Музејот на македонската борба, на настанот присуствуваа претставници на Амбасадата на Сојузна Република Германија, претставници на УСАИД, претставници на граѓанскиот сектор, соработници на Институтот „Ромалитико" и генералната популација.

**Одбележување на Меѓународниот ден на Ромите – 8 април**

Во рамки на Ромактед програмата, Ромалитико и Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје реализираа 5 регионални настани заедно со општините

- 1 април настанот во Берово со општините Делчево, Берово, Битола и Прилеп - Панел дискусија „Политики и мерки за образование за децата Роми
- 4 април настанот во Кичево со општините Кичево, Дебар, Гостивар и Тетово - Панел дискусија „Политики и мерки за домување за Роми„ со претставници од Министерство за транспорт и врски, општина Кичево и заедницата
- 5 април настанот во Кочани со општините Кочани, Виница и Штип - Панел дискусија „Политиките и мерките за вработување за Роми на локално ниво„
- 6 април настанот во Шуто Оризари со општините Шуто Оризари, Крива Паланка и Велес - Панел дискусија за Пристапот до здравствени услуги за Ромите
- 7 април финален настан во Струмица - Панел дискусија за "Дискриминацијата како пречка за социјална инклузија" со претставници од Народниот правобранител и Комисијата за заштита од дискриминација

По повод 8 април 15 градоначалници упатија честитка до ромската заедница, а поголемиот дел од нив го поставија и ромското знаме пред нивните општини

**Конференција Една изборна единица наместо сегашните шест – посоодветно претставување на граѓанскиот глас**

На 1 јуни 2022 година Институтот за истражување и анализа на политики Ромалитико и Либералниот Институт Скопје организираа заеднички настан во однос на предлогот за воведување на една изборна единица. На настанот како панелисти учествуваа значајни чинители кои во јавноста и невладиниот сектор кои имаат експертиза во однос на темата една изборна единица.



# НАСТАНИ И КАМПАЊИ

- Дипломатска вечера 2022
- Настан за говор на омраза









### Дипломатска вечера 2022

Како дел од граѓанското движење Аваја, Ромалитико организираше дипломатска вечера на која присуствуваа Претседателот на државата, Стево Пендаровски; Премиерот на државата, Димитар Ковачевски; Првиот Заменик Претседател на Владата, Артан Груби и амбасадорите на Соединетите Американски Држави, Европска Унија, Германија, Велика Британија, Швајцарија, Холандија и претставник од Шведска Амбасада. На средбата се разговараше на следните теми:

- Програма за влез во државна и јавна администрација
- Новата Стратегија за Роми и можности за урбанизација и легализација
- Пописот и Ромите

### Настан на тема говор на омраза

На 16 февруари 2022 година во соработка со РРОМА беше организиран настан на тема “Говор на омраза кон Ромите во онлајн просторот“ како дел од антициганизмот. На настанот беше промовиран извештај за говор на омраза во кој се анализирани 118 случаеви на појави поврзани со говорот на омраза.



# ДОДЕЛЕНИ ГРАНТОВИ









**Доделени грантови**

Во рамки на Проектот на УСАИД за инклузија на Ромите, Ромалитико додели 5 мали субгрантови за граѓански организации и еден голем акциски грант.

**Мали субгрантови**:

- Коалицијата Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници Маргини - "Со поголема различност до посилно ЛГБТИ движење"
- Иницијатива на жени од Шуто Оризари - "Пристап до правата на Ромите повратници"
- Сумнал Битола – "Советувалиште за семејства во психолошки ризик"
- Центар Стрип Македонија Велес – "За нашите соседи и пријатели"
- Баирска Светлина Битола - "Кажи не за деликвенција, кажи да за инклузија"

**Голем акциски грант:**

Коалиција Сите за правично судење - "Правна помош и поддршка на Ромите во Република Северна Македонија"





# ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ

- Кампања за 8 Април
- Серијал картички "Имам прашање за општината"
- 8 Април – знамиња по општините
- Кампањата "Спознај ги твоите права"
- 2-ри август – денот на одбележување на Геноцидот врз Ромите

Во рамки на Проектот на УСАИД за инкузија на Ромите во 2022 се организираа два модули на Барвалипе школата (6ти и 7ми) на темите: работа со лица со попреченост ЛГБТИ+ заедница и родова еднаквост, работилница за бездржавјанство за правните монитори и работилница за финансиско управување со бизниси наменета за бизнис советниците.

Правните монитори на Ромалитико присуствуваа на работилница на тема: концепт на бездржавјанство, пристап до државјанство и здравствена заштита на лицата без државјанство. На работилницата присуствуваа 13 правни монитори.

Консултантите на Проектот Заедно за просперитетна заедница, во соработка со Конект, присуствуваа на обука за мобилизирање на ресурси. Проектните менаџери на иститот проект исто така имаа можност да го подобрат своето знаење во рамки на темата мобилизирање на ресурси преку обука организирана од страна на Конект.

Проектен менаџер на Проектот Заедно за просперитетна заедница учествуваше на состанок во рамки на Monitoring Learning and Adopting активноста на УСАИД со цел размена на искуства и добри практики помеѓу имплементаторите на проекти на УСАИД.

Во рамки на Проектот на УСАИД за инклузија на Ромите, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одржа 5 средби во хабовите во Штип, Кичево, Шуто Оризари, Велес и Куманово на кои присуствуаат околу 60 луѓе меѓу кои и теренската структура.

Вкупно 147 лица од ромската заедница присуствуваа на 13 средби со претставници на Народниот правобранител со цел информирање на заедницата за постапката на поплаки пред Народниот правобранител.

Во рамки на Ромактед програмта беа обучени следните лица:

- 46 трудови инспектори за недискриминација, борба против трговија со луѓе и антициганизам
- 40 лица (фасцилитатори, општински контакт точки и правни монитори) за недискриминација, права и законски алатки за спречување и заштита од дискриминација и бесплатна правна помош
- 45 претставници од локалната администрација за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање на жената Ромка
- Обучени 70 претставници на локалната акциска група за бесплатна правна помош

Во рамки на иститот проект се организираа следните обуки:

- 3 обуки реализирани од младински клуб на Ромактед проектот во Битола за редовни прегледи за добро здравје, кариерен развој за млади Роми и Еразмус плус можности
- 2 обуки реализирани од младинскиот клуб на Ромактед проектот во Кочани за кариерен развој и зајакнување на еко-свест
- Реализирана една обука од клубот на жени на Ромактед проектот во Берово за еднакви можности за жени Ромки во образованието

Romalitico
ROMA POLICY ANALYSIS

www.romalitico.org

# ПРИСУТНОСТ ВО МЕДИУМИ

- Презентирање на проекти и работа на терен
- Настан за комемориација на жртвите Роми од Холокаустот
- Експертски мислења и анализи
- Локални акции на локални телевизии
- Правни регулативи и застапувања
- Говор на омраза на медиуми и портали


Проектите на УСАИД на МРТ4



Правна поддршка на Слободен печат



Настан покриен од Канал 5



Филмот Gipsy Queen во Градски парк



Проектите на УСАИД на Телма



Правна поддршка во портали



РОМАКТЕД на Телма



Една изборна единица во портали



Експертска анализа на мета мк



Проблемот со легализација по оортали


Пописот на МРТ4



Состојбата со Ромите по портали


Пописот на ТВ 24



Говор на омраза - алаиза на ПИНА



Локална акција за бетонирање пат во Штип

**+ 20 портали**

**+ 10 телевизии**


Експертско мислење на ТВ 24


Говор на омраза на Медуза



Локална акција за сообраќајна безбедност во Берово



Локална акација за детско игралиште во Куманово

# СЛЕДЕТЕ НЕ НА

**@romalitico**

| facebook | instagram | twitter | NEW tiktok |
|---|---|---|---|
| + 3500 | + 579 | + 564 | + 118 |